# совет за етика во медиумите на македонија

21.11.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Џелал Незири за текстот со наслов "VESEL QAZIMI – XHELAL NEZIRIT: KJO QË PO BËN ËSHTË POSHTËRSI MBI POSHTËRSITË", односно"Весел Ќазими, на Џелал Незири: Ова што го правиш е дно дна", објавен на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Гостивари 24 (www.gostivari24.com)**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 4.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 20.10.2016 година, Џелал Незири поднесе жалба за текстот со наслов "VESEL QAZIMI – XHELAL NEZIRIT: KJO QË PO BËN ËSHTË POSHTËRSI MBI POSHTËRSITË", односно "Весел Ќазими на Џелал Незири: Ова што го правиш е дно дна", објавен на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Гостивари 24 (www.gostivari24.com).

Во жалбата се наведува дека во текстот се пренесува изјава од Весел Ќазими, кој атрибуира изјава која не е на Незири, туку коментар на порталот zhurnal.mk. Во образложението на жалбата се вели дека се пренесени клевети и обвинувања врз основа на споменатата инсинуирана изјава. Се додава и дека порталот презел статус на Незири кој бил објавен на Фејсбук и е ставен во контекст на поддржување на клеветата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Гостивари 24 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 08.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Џелал Незири и направи увид во наведениот текст.

Ченовите на Комисијата констатираа дека во целокупниот текст се преземени два ФБ статуси на Весел Ќазими и на Џелал Незири. Од самиот увид во текстот може да се констатира дека тој не претставува никаков новинарски производ и, всушност, не може да се одреди жанрот.

Со вака поставената структура на текстот се добива впечаток дека се изнесени тврдења кои се предмет за напад и критика, за кои не е консултирана засегнатата страна и со кои го доведуваат читателот во заблуда, бидејќи со ваквата нежанровска структура не текстот можат да се извадат единствено необјективни индивидуални политички заклучоци бидејќи темата е необработена. Изборот на фактите не обезбедува објективна информација.

Авторот на ги проверува податоците и мотивите за напишаните ФБ статуси , со што се добива искривена слика кај читателот.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов “Весел Ќазими на Џелал Незири: Ова што го правиш е дно дна”, објавен на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Гостивари 24, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот. Новинарот треба да обезбеди “втора страна”, односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму, Комисијата констатира дека е прекршен и член 4, според кој изворот на информацијата, по правило, треба да се идентификува, освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна. Новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание треба да се обрне во ситуации кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат

ексклузивни информации. Тогаш треба особено строго да се проверат мотивите на доставувачот на информацијата. Премолчување и необјавување на податоци кои можат да влијаат на ставот на јавноста е исто што и нивно намерно искривување или свесно манипулирање со јавноста.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Гостивари 24 (www.gostivari24.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски